Членка на EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

... има решение!

2014

# Годишен извештај 2014

Македонска платформа против сиромаштија (МППС )
ул.Призренска бр.50/2, 1000 Скопје | www.mpps.org.mk

# За нас

**Визија, мисија и цели на МППС**

## ВИЗИЈА

Визијата на МППС е општество на благосостојба, недискриминација, развој и мир.

## МИСИЈА

Мисијата на МППС е унапредување на принципите на еднаквост, солидарност, недискриминација, промоција и заштита на човековите права и слободи на сите луѓе во Република Македонија, Европа и пошироко.

## ЦЕЛИ НА МППС

Да придонесува кон намалување на сиромаштијата и поттикнување на социјалната вклученост.

Развивање на културните, економските, социјалните и други општествени вредности.

Развивање силна мрежа во борбата против сиромаштијата.

Работа со сиромашни заедници и нивно зајакнување.

Промоција на недискриминација и еднаквост за сите.

Унапредување на партиципативната демократија.

Застапување, лобирање и влијание врз јавните политики и стратегии од областа на социјалната заштита, здравствената заштита, вработувањето, сиромаштијата, социјалното вклучување, човековите права и недискриминацијата.

Подигање на свеста кај општата и стручна јавност за прашања поврзани со сиромаштијата и социјалната исклученост Вклучување на МППС во развиените мрежи за борба против сиромаштијата, на регионално и на европско ниво.

Вклучување на сиромашните, маргинализираните, ранливите и на дискриминираните заедници во сите процеси и нивоа на одлучување што ги засегаат нив.

Зајакнување на капацитетите на членките на МППС

Спроведување истражувања и анализи на полето на сиромаштијата, човековите права, социјалното вклучување, (не)дискриминацијата, здравствената заштита, вработувањето, образованието, како и предлагање мерки за надминување на утврдените проблеми.

## Структура на МППС

### Собрание

Составено од претставници на сите организации членки. Собранието ги поставува насоките за сите политики на МППС и ги усвојува годишните финансиски планови и извештаи.

### Претседател

Претседателот е задолжен за претставување и застапување на МППС на надворешни средби и во целокупниот правен промет со трети лица.

### Извршен одбор

Извршно тело на МППС составено од девет члена.

Извршниот одбор ги спроведува заедничките политики и ставови утврдени од Собранието, одлучува за стекнување и располагање со средствата на МППС и е одговорен за спроведување на сите проектни активности на МППС.

### Секретаријат

Секретаријатот претставува извршна канцеларија за поддршка на органите на МППС.

За Секретаријат може да се номинира било која членка на Собранието на МППС.

Секретаријатот го избира Собранието на МППС со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни членки. Мандатот на Секретаријатот е 4 години, со право на повторен избор.

**Секретаријатот на МППС ги врши следните работи:**

врши редовно известување на членките за активностите на МППС;

идентификува можности за финансирање на МППС;

учествува во спроведувањето на стратешкиот план, годишна програма за работа и други акти усвоени од Собрание на МППС;

учествува во подготовката и спроведувањето на проекти во интерес на членките на МППС;

ги координира активностите на членките на МППС при спроведувањето на заеднички иницијативи и проекти;

организира работни групи за поднесување на заеднички иницијативи од страна на членките на МППС;

поднесува годишен извештај за својата работа до Извршен одбор, Надзорен одбор и Собранието на МППС.

## Работни групи

Работните групи се формирани во рамките на следните приоритетни области на делување на МППС:

Човекови права и недискриминација,
Економски развој и социјална вклученост,
Образование,
Жени и родова еднаквост,
Деца и млади,
Роми и етнички малцинства,
Домување,
Здравство,
Стари лица,
Лица со посебни потреби,
Институционален развој.

Работните групи претставуваат форуми за размена на знаења, мислења и ставови, како и форми на соработка помеѓу членките на МППС за адресирање и решавање на прашања од заеднички интерес.

Основна цел на работните групи е обезбедување експертска поддршка на Извршниот одбор во подготовка на предлог-проекти од заеднички интерес на членките на МППС. Работните групи имаат флексибилна структура и начин на делување, што дозволува формирање ад хок работни подгрупи за адресирање и решавање на посебни прашања во рамките на горенаведените приоритетни области на делување на МППС. Предвидено е работните групи да одржуваат редовни состаноци според однапред утврдена динамика, а по потреба да можат да комуницираат и по пат на електронска пошта или друг вид на интернет комуникација.

**Европска мрежа за минимален приход (ЕМИН)**

**Европска мрежа за минимален приход (ЕМИН) е двегодишен проект на ЕАПН (2013-2014) финасиран од Европска комисија, кој има за цел да изгради консензус за превземање на неопходните чекори кон прогресивна реализација на соодветни и достапни шеми за Минималниот проход во земјите членки на ЕУ во согласност со препораките на Европската комисија од 2008, Стратегијата Европа 2020 а во контекст со Европската мрежа против сиромаштија и социјална исклученост (ЕАПН).**

1. **Прва конференција на Европско ниво**
2. **Поготовка на Извештај за одредување на шемите за Минималниот достоинствен приход во Македонија.**
3. **Национална конференција.**
4. **Втора конференција на Европско ниво**

**МЛАДИНСКА ПРОГРАМА за работа на МППС за период 2014-17 год.**

## Вовед

Македонската платформа против сиромаштија започна да работи кон креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап. Поаѓајќи од потребите и интересите на младите, МППС ќе работи на унапредување на младинското организирање, утврдување на мерки и препораки поврзани со младите и младинските активности, зајакнување и учество во јавниот живот на младите и нивно информирање на сите нивоа.

## Учество на младите

Поради големиот интерес кај младите за учество во активностите на организацијата, МППС од 2014 година започнува да делува и во полето на младите. Како организација која работи со млади, МППС ќе им понуди на младите вклучување во своите активности, можност за активно учество на меѓународни младински размени, тренинзи, кампови и конференции кои платформата ги промовира или директно учествува како организатор, со цел нивно лично надградување и здобивање со вештини за зголемување на компетентноста при вработување и учество во процесите на донесување одлуки.

МППС преку своите активности детектираше неколку клучни причини за маргинализација на младите и тоа:

Интергенерациски пренос на сиромаштија, економската маргинализираност која води до социјално исклучување, партизација на образованието и младинските совети на локално ниво и неразвиен систем кој ќе понуди миниум мерки за поттикнување на вработеноста на младите.

Покрај овие клучни проблеми МППС ќе се залага за обезбедување на еднакви можности на малдите луѓе на пазатор на труд и намалување на младинската невработеност со воведување на Младинска гаранција во Р.Македонија.

## Што е Младинска гаранција?

Младинска гаранција е модел кој ќе им овозможи на младите да добијат квалитетни понуди за вработување, натамошно образование, практиканство или дообука во рок од четири месеци откако ќе станат невработени или откако ќе го напуштат формалното образование.

## Стратешки цели

Поттикнување на социјалната интеграција и вработување на младите маргинилизирани луѓе во Македонија

Воведување на шеми за Младинска гаранција во Р.Македонија

## Општи цели

Поставување основа за поголема социјална интеграција на маргинализираните групи на млади во општеството и подобрување на условите за вработување

Подигање на свесноста кај општата и стручната јавност за прашања поврзани со сиромаштијата и социјалната исклученост кај младите

Вклучување на младите во процесот на донесување на одлуки на локално и национално ниво

Искоренување на интергенерациските пренос на сиромаштијата

# Активности 2014

## #5до12 ...

Маршираj против сиромаштија, биди гласен на концертот за достоинствен живот, повикај ги и твоите пријатели ... За тебе се работи!

## На 01.03.2014, во сабота, дојди со нас!

Во 5 до 12 се собираме пред Собрание на Република Македонија, па следува:

**12.00 - 13.00 МАРШ** против сиромаштија од Собрание, преку Влада, до Сквер Јадран

**13.00 - 17.00 КОНЦЕРТ** за достоинствен живот, на Сквер Јадран (Распеани Скопјани, Соња Исмаил, Бени и Нон Стоп)

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА и 8-ми Септември / 8 Shtatori се залагаат за воведување на минимален достоинствен приход за секој граѓанин и промена на законската регулатива за социјална заштита.

**5 до 12** ... сите ние да направиме нешто за себе
**5 до 12** ... да кренеме глас против сиромаштијата
**5 до 12** ... да им помогнеме на идните генерации
**5 до 12** ... за достоинствен живот

## Учествувај, поддржи, сподели! #5до12

## Јавни трибини „ Минимален достоинствен приход во македонски контекст“

Македонската платформа против сиромаштија во периодот од ноември 2013 до март 2014 година спроведе 17 јавни трибини на тема „ Минимален достоинствен приход во македонски контекст“.



Трибините беа спроведени во следните општини: Центар, Аеродором, Чаир, Кисела Вода, Карпош, Куманово, Делчево, Виница, Штип, Струмица, Кавадарци, Прилеп, Битола, Велес, Тетово, Брвеница, Струга.

Цел на одржување на овие јавни трибини беше да се презентира **потребата од воведување на Минималниот достоинствен приход** и отворање на процесот на негово дефинирање како дел од социјалната политика на Република Македонија.
Трибините се дел од активносите од законодавната иницијатива Минимален достоинствен приход во рамки на проектот „Зајакнување на граѓанското учество во законодавниот процес“. кој го спроведува НДИ.

Трибините исто така беа во заедничка соработка со ГИ 8-ми Септември.

Фотографии од трибините можете да најдете на: **https://www.flickr.com/photos/mpps/sets/**

## Извештај за 5-тото Генерално собрание на МППС 2014

5 - тото Годишното собрание на Македонската платформа против сиромаштија се одржа во салата на Советот на Град Скопје на 03 јуни 2014 година.



Точки на дневен редна на собранието беа:

Претставување на Годишниот извештај ( програмски и финасиски) на МППС

Претставување на нови членки и нивно гласање за членство

Претставување на номинирните кандидати за Претседател како и членови на Надзорен и Извршен одбор и нивно гласање.

Статутарни промени ( член 6 од Статутот на МППС)

На 5-тото Годишно собрание беа изгласани за официјани членки на МППС :

Здружение Мултикултура, Тетово

Здружение Свет на различни а еднакви, Скопје

Здружение на пензионери Кисела Вода, Скопје

Поединец:

Горан Јаневски

### Вкупниот број на Здруженија членки на МППС е 91 и 5 поединци.
### Нови членови на структурите на МППС се:
### Претседател на МППС:

Зоран Биковски

### Членови на Извршниот одбор :

Мила Царовска

Марио Јанчев

Дивна Змејковска

Билјана Дуковска

Љатифе Шиковска

Елена Нешовска

Дивна Јанкова

Жаклина Димоваска

## Членови на Надзорниот одбор :

Петранка Делова Миладинова

Јагода Иљов

Ерол Адемов

Владимир Илиевски

Зорица Димовска

Новата адреса на МППС е<

ул. Призренска бр.50/2, 1000 Скопје и

телефон 02 2666 113 локал 18.

**Фотографии од настанот ..**

## Младинска размена Мобилност и Миграција во Австрија

Македонската платформа против сиромаштија во соработка со **Kinderfreude од Австрија ја** организира младиска размена во периодот од **09-ти до 23-ти Август 2014**, на тема Мобилност и Миграција.

## Младинска размена Вештини за животот / Skills for life

МППС со група од 5 млади учесници од 25 до31 август, во Талин, Естонија, учествуваше во младинската размена “ Skills for life”. Вкупно 36 учесници на возраст од 16-20 години од Македонија, Шпанија, Бугарија, Турција, Полска и се разбира домаќините, Естонија.



## Младинска размена Младите за мирот / Youth for Peace

МППС со 15 учесници беше дел од младинска размена Youth for Peace која се одржа во Трофајах (Trofaiach) Австрија во периодот од 14 - 22 Септември, 2014 година.
Проектот беше во организација на невладината организација ArtMine, а учествуваат млади од Македонија, Босна, Словенија и Австрија.



Главната темата на размената беше градење мир, а се разгледуваа конфликтите од минатото и последиците од нив, но и начините за заедничко градење мир и инклузивно општество.

Учесниците имаа можност да го надоградат своето знаење преку работилници за човекови права, запознавање со програмата Еразмус+, дискриминација и стереотипи, холокаустот и последици, средба со добитничката на Нобелова награда за мир за 2012 - Leyman Gbowee од Р. Либерија и др.

**ФОТОГРАФИИ...**

## 13-ти Европски состанок на лицата кои жиеват во сиромаштија и социјална исклученост

МППС како дел од ЕАПН по трет пат  со совоја делегација која ја сочинуваа млади и невработени лица беше дел од 13-тиот Европски состанок на лицата кои жиеват во сиромаштија и социјална исклученост кој се одржа од 22 до 24 септември 2014 година во Брисел.




Главна тема на овој состанок беше искористеноста на структурните фондови во ЕУ за намалување на сиромаштијата но и подтеми кој се работе во фториот ден од овој состанок беа :

- Минимален адекватен приход
- Младинска сиромаштија
- Бездомништво
- Борба против сиромаштијата и  потикнување на вклучување на мигрантите
- Богатството  и нееднаквоста и борбата против сиромаштијата

МППС како извештај за оваа средба подготви и  видео запис кој можете да го погледнете **овде**

**ФОТОГРАФИИ...**

## Националната ЕМИН конференција за Минимален адекватен приход

На 26.09.2014 година се одржа Националната ЕМИН конференција за Минимален адекватен приход – „Предизвиците и можностите на минималниот адекватен приход во Европа и Македонија“.



На конференцијата беше презентиран и извештајот за одредување на шемите за Минимален адекватен приход во Р.Македонија како и отварање на дебата за потребата од воведување на Минимален адекватен приход во Македонија согласно искуствата од Европските земји и градење на консензус и обезбедување на напредок кон реализација на соодветните и достапните шеми.

На оваа конференција исто така беа презентирани и извештајот за одредување на шемите за Минимален адекватен приход во Р.Србија од страна на преставниците на Српската мрежа против сирмаштија, Европската мапа за воведување на Минимален адекватен приход од страна на Директорката на Европската мрежа против сиромаштија.
Во последниот дел од ова конференција беше презентирна предлог концептот за ново законско решение за законот за Социјална заштита.

**ФОТОГРАФИИ.**

EMIN_Izvestaj-Makedonija-mkd.pdf

EMIN-Report-Macedonia-eng.pdf

Биланс на приходи и расходи од 01.01.2014 до 31.12.2014

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | И з н о с | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | I. РАСХОДИ<br>I МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210 )<br>9 | 201 | 177651 | 656735 |
| 1. | Потрошени материјали | 202 | 35587 | 800 |
| 2. | Потрошена енергија | 203 | | |
| 3. | Други услуги | 204 | | |
| 4. | Превозни - транспортни услуги | 205 | 63454 | 649654 |
| 5. | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 206 | 78610 | 6281 |
| 6. | Амортизација | 207 | | |
| 7. | Набавна вредност на продадените материјали, стоки и услуги | 208 | | |
| 8. | Наемнини | 209 | | |
| 9. | Други материјални расходи | 210 | | |
| | ДРУГИ РАСХОДИ ( 212 до 221) | 211 | 669512 | 820955 |
| 10. | Провизија за платниот промет | 212 | 6880 | 11390 |
| 11. | Камати на кредити и заеми | 213 | | |
| 12. | Премии за осигурување | 214 | 514 | |
| 13. | Дневници за службено патување и патни трошоци | 215 | | |
| 14. | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 216 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Негативни курсни разлики | 217 | | 2745 |
| 16. | Членарини | 218 | | |
| 17. | Други расходи | 219 | 662118 | 766820 |
| 18. | Издатоци за меѓународна соработка | 220 | | |
| 19. | Пренесени средства | 221 | | 40000 |
| | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА<br>( 223 +224+225) | 222 | | |
| 20. | а) Средства за градежни објекти | 223 | | |
| 21. | б)Средства за опрема | 224 | | |
| 22. | в)Други капитални средства | 225 | | |
| | ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ<br>(227+ 228 +229) | 226 | | |
| 23. | а) Помошти, донации и други даванја на правни субјекти | 227 | | |
| 24. | б) Надомести и помошти на физички лица | 228 | | |
| 25. | в) Други помошти и давања | 229 | | |
| | ПЛАТИ И НАДОМЕСТ НА ПЛАТИ<br>(231 + 232) | 230 | | |
| 26. | а) Вкалкулирани плати | 231 | | |
| 27. | б) Вкалкулирани надомести | 232 | | |
| 28. | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | | | |
| 29. | Вонредни расходи | 234 | | |
| | ВКУПНО РАСХОДИ | 235 | 847163 | 1477690 |
| 30. | Остварен вишок на приходи- -добивка пред оданочување (250 | 236 | 33757 | 703001 |
| 31. | Даноци, придонеси и други давачки од добивката | 237 | 7863 | 10013 |
| 32. | Остварен нето вишок - добивка по оданочувањето ( 236 минус 237) | 238 | 25894 | 692988 |
| 33. | Вкупно ( 235 + 236) или ( 235 + 237) ако 237 е поголемо од 236 = 252 | 239 | 880920 | 2180691 |
| | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ | 240 | 875596 | |
| 34. | Приходи од продажбата на производи и стоки | 241 | | |
| 35. | Приходи од услуги | 242 | 875596 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 36. | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 243 | | 17 |
| 37. | Приходи од членарини, подароци,<br><br>Донации и приходи од други извори | 244 | | 1762184 |
| 38. | Приходи од кирии и закупнини | 245 | | |
| 39. | Сопствени приходи | 246 | | |
| 40. | Други приходи | 247 | 5324 | 392596 |
| 41. | Пренесен дел од вишокот на приходите од предходна година | 248 | | 25894 |
| 42. | Вонредни приходи | 249 | | |
| | ВКУПНО ПРИХОДИ<br><br>( 240+ 243+ 244+ 245+246 +247+248 +249) | 250 | 880920 | 2180691 |
| 43. | Непокриени расходи (235 минус 250) | 251 | | |
| | ВКУПНО (250 + 251) = 239 | 252 | 880920 | 2180691 |

**Македонска платформа против сиромаштија ( МППС )**

**бул. Јане Сандански бр. 3А, 1000 Скопје**

**тел/факс: + 389 2 2455 277**

**www.mpps.org.mk**